**ЗАБЕЛЕШКИ**

**за Нацрт-законот за обезбедување на квалитет во високото образование и науката од Независниот академски синдикат (НАкС)**

Со цел да се воспостави стабилна, одржлива и со европските стандарди усогласена рамка за унапредување на квалитетот во високото образование и науката во Република Северна Македонија, неопходно е националната Агенција за квалитет во високото образование да биде впишана во Европскиот регистар за обезбедување квалитет (EQAR). Впишувањето во EQAR претставува клучен механизам за меѓународна верификација на тоа дека македонската Агенција за квалитет во високото образование работи во согласност со Стандардите и насоките за обезбедување квалитет во Европскиот простор за високо образование (ESG), особено во делот на институционалната независност, транспарентноста, стручноста и непристрасноста во донесувањето одлуки.

Исполнувањето на условите за впишување на Агенцијата за квалитет во високото образование во EQAR, од една страна, претставува гаранција дека националната агенција за квалитет применува европски признати стандарди и процедури за обезбедување квалитет, а од друга страна, претставува индиректна потврда дека во националното законодавство е воспоставена соодветна, јасна и функционална распределба на правата, обврските и надлежностите на сите релевантни чинители во системот на високото образование и науката, вклучително Владата, надлежното министерство, Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност, високообразовните и научните установи, како и другите надлежни тела. Таквата нормативна поставеност е во согласност со начелото на академска автономија, гарантирано со Уставот на Република Северна Македонија, Законот за високото образование и со релевантните европски документи што ја уредуваат високообразовната дејност.

Оттука, при донесувањето на Законот за обезбедување на квалитет во високото образование и науката, клучно е во неговите одредби јасно и недвосмислено да се утврдат условите, институционалните гаранции и временските рамки поврзани со усогласувањето на националната Агенција за квалитет со ESG, како и со постапката за нејзино впишување во EQAR. Овие одредби треба да имаат приоритетен карактер и да обезбедат правна извесност, предвидливост и транспарентност на реформскиот процес.

До моментот на целосно усогласување и впишување на Агенцијата за квалитет во високото образование во EQAR, оправдано е да се предвиди преоден режим со кој ќе се обезбеди континуитет во функционирањето на системот за обезбедување квалитет, при што постоечките законски решенија би се применувале во јасно определен временски период, со прецизни рокови и обврски за нивно усогласување со европските стандарди. Таквиот пристап овозможува постепена и контролирана транзиција кон новиот систем, без создавање институционален вакуум или правна несигурност.

Во однос на одредбите што се однесуваат на иницијалната акредитација, особено е важно да се укаже дека со новиот законски концепт таа се трансформира од формална проверка на исполнетост на минимални услови во сложена постапка на надворешно оценување на квалитетот под надзор на Агенцијата за квалитет во високото образование. Таквата трансформација, сама по себе, е во согласност со европските трендови во обезбедувањето квалитет. Меѓутоа, воведувањето на дополнителни критериуми, како што се „тематски анализи“ или „стратешки потреби“, бара особено прецизно нормативно уредување, со цел да се избегне можноста за широка дискреција при одлучувањето. Доколку не се утврдат јасни и транспарентни критериуми на евалуација, постои сериозен ризик од повреда на начелото на автономијата на универзитетот и од ограничување на правото на основање и развој на високообразовни и научни установи, дури и во случаи кога се исполнети сите стандарди и законски услови за акредитација. Затоа, неопходно е законот прецизно да ги дефинира границите и целите на овие инструменти, исклучиво во функција на унапредување на квалитетот на високообразовната и научноистражувачката дејност, а не како средство за административно или политички условено ограничување на високото образование.